(6), член 139 став (2) и член 144 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ, ПРОВЕРКИ, ДОЗВОЛИТЕ И ОВЛАСТУВАЊАТА НА ПИЛОТИТЕ НА УЛТРАЛЕСНИТЕ ЛЕТАЛА (МИКРОЛЕСНИТЕ) И МОТОРИЗИРАНИТЕ КРИЛА**

Член 1

Во Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволите и овластувањата на пилотите на ултралесните летала (микролесните) и моторизираните крила („Службен весник на Република Македонија" бр. 106/07 и 112/12) во членот 2 точката 6 се менува и гласи:

„6) Самостоен налет е времето на летање во кое ученикот/пилотот е водач на воздухопловот (pilot in command PIC).".

Член 2

Членот 15 се брише.

Член 3

Во членот 22 ставот (1) се брише.
Ставовите (2) и (3) стануваат етавови (1) и (2).

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-1210/3
26 август 2016 година
Скопје

Директор на Агенција за цивилно воздухопловство,
**Горан Јандреоски**, с.р.

---

**3871.**

Врз основа на член 44 став (7) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПРАВИЛАТА НА ЛЕТАЊЕ СО УЛТРАЛЕСНИТЕ ЛЕТАЛА (МИКРОЛЕСНИТЕ) И МОТОРИЗИРАНИТЕ КРИЛА**

Член 1

Во Правилникот за начинот и правилата на летање со ултралесните летала (микролесните) и моторизираните крила („Службен весник на Република Македонија" бр. 106/07) членот 4 се менува и гласи:

„Предметите за посебните услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање. "

Член 2

Во членот 20 по зборовите "метална инка" се додаваат зборовите "или со сертифицирани пластични канистри за гориво".

Член 3

Членовите 42 и 43 се бришат.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-1210/4
26 август 2016 година
Скопје

Директор на Агенција за цивилно воздухопловство,
**Горан Јандреоски**, с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3872.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16 и 53/16), и член 10, став 5 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија" бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), а постапувајќи по барањето на Друштвото за изградба и оперирање со хидроцентрали ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ Скопје, на ден 5.9.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „Крива Река" со реф.бр. 123, УП1 бр. 08-35/15 од 8.4.2015 година, на Друштвото за изградба и оперирање со хидроцентрали ПЦЦ НЕВ Хидро ДООЕЛ Скопје, се продолжува до 8.3.2017 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

УП1 бр. 08-35/15
5 септември 2016 година
Скопје

Претседател
**Димитар Петров**, с.р.